Врз основа на членот 182 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/'18); Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово; Статутот на Универзитетот во Тетово; и потребата од ангажирање лица во насловни звања, се распишува

**К О Н К У Р С**

за избор на наставници во насловни звања

на единиците на Универзитетот во Тетово

Се распишува конкурс за избор во насловни звања на единиците на Универзитетот во Тетово, и тоа на следниот начин:

**ФАКУЛТЕТ НА УМЕТНОСТИ**

1. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Диригирање и композиција (60909 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Театарска режија (60801 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

Кандидатите за избор во насловните звања треба да ги исполнуваат општите услови за избор во наставно-научни звања по стручно уметничките предмети во согласност со членот 167 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/'18) и посебните услови утврдени со општите акти на Универзитетот во Тетово.

**Исполнетоста на општите и на посебните услови кандидатите треба да ја докажат со приложување на следнава документација:**

- пријава (се подигнува од архивата на Универзитетот);
- диплома и уверение на оценки од завршени додипломски студии (оригинал и по една копија заверена на нотар), странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со решение од ресорното министерство за еквиваленција на оценките;
- диплома и уверение на оценки од завршени магистерски студии (оригинал и по една копија заверена на нотар), странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со решение од ресорното министерство за еквиваленција на оценките;
- список и по еден примерок од објавените научни трудови;
- доказ за познавање на еден од странските светски јазици;
- кратка биографија;
- одлука за избор во наставно-научно, научно или наставно-стручно звање (доколку претходно бил избран на друга институција);
- приказ со доказ за професионално искуство (наставно-образовна дејност, научноистражувачка дејност, стручно-уметничка и апликативна дејност, како и

дејности од поширок интерес) – приказот треба да биде систематизиран по видот на дејноста и по период;

- уверение за државјанство.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**